Бр./Nr 12 - 576/4
19-10-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 75-тата седница одржана на 14.10.2022 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-576/1 од 01.02.2022 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека пријавата е непотполна - согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси истата не содржи јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-576/1 од 01.02.2022 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 13.01.2022 година до ДКСК е доставен допис преку електронска пошта и оформен е предмет со број 12-576/1 од 01.02.2022 година.

Дописот е испратен преку веб формата на ДКСК на 13.01.2022 година од страна на идентификуван подносител – ///, од адресата ///, со содржина „///" и „/// ", без други податоци.

При извршена проверка во евиденцијата на ДКСК не беа идентификувани други пријави и документација од конкретниот подносител и од конкретната адреса доставени до ДКСК.

ДКСК се обрати до подносителот на пријавата кого го информираше за непотполноста на истата и од кого побара да ја испрати целата нејзина содржина, односно да достави број на предмет во случај пријавата да е одговор на допис претходно доставен до подносителот од страна на ДКСК.

Со оглед на тоа што заклучно со 24.03.2022 година подносителот не достави одговор до ДКСК, ДКСК констатираше дека пријавата е непотполна и дека како таква истата не содржи јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија • ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА • Скопје • Republika e Maqedonisë së Veriut • KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT • Shkup

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk